# FOREVER

N. MACEDONIA

Јули 2020 | Број 225

# Поддршка за очите во дигиталниот свет

МАКЕДОНСКИТЕ МЕНАЏЕРИ ОРЕЛ 2020



# Повторно на работа и подобри од секогаш






**Во сите години во историјата на Форевер не сме живееле во времиња како денешните. Иако оваа година нѝ донесе уникатни предизвици, нашите лидери направија неверојатни нешта. Инспиративно е да гледаме колку многу од вас се успешни и имаат пораст дури и во овие тешки моменти.**

Ви благодарам на сите вас кои се издигнавте над предизвиците и останавте така упорни и флексибилни за да се адаптирате на промените во светот. Толку сум горд што сте дел од нашето Форевер семејство. Ви благодарам за примерот што им го давате на другите и за лидерските квалитети кои ги демонстрирате.

Фактот што нашиот бизнис продолжува да расте дури и во тешките времиња е доказ дека денес светот има уште поголема потреба од тоа што ние го нудиме. Сѐ повеќе луѓе ги осознаваат можностите за работа од дома и слободата и флексибилноста кои се предлагаат. Сѐ повеќе луѓе го бараат тоа што можеме да им го обезбедиме.

Во Форевер работиме од дома веќе 42 години.

Или во кафуле.
Или на плажа.
Или насекаде каде што можете да си претставите.

И покрај тоа што светот можеби се променил – тоа што го правиме, тоа што го претставуваме, нашите производи, нашата бизнис можност и нашите вредности секогаш го издржале тестот на времето. Работите кои имаат најголемо значење воопшто не се променети.

Сѐ уште им предлагаме на луѓето ефикасни производи за поддршка на здравјето и виталноста. Сѐ уште обезбедуваме компензација и програми за стимулирање кои се водечки во браншата и сѐ уште се водиме од истата страст да им помагаме на другите да изгледаат подобро, да се чувствуваат подобро и да си изградат бизнис така, како што на нив им се допаѓа.

Го предизвикувам секој од вас вистински да се фокусира на споделување на придобивките од нашиот неверојатен бизнис со оние кои можеби бараат можност да прават нешто ново. Заедно можеме да продолжиме да се надградуваме врз неверојатниот интензитет кој го стекнавме во изминатите четири децении, и да си создаваме постабилна и поуспешна иднина од секогаш.

**Продолжете да се насмевнувате,**

**Gregg Maughan**
Претседател на Форевер Ливинг Продактс

# Создадете заедница, променете го светот





**Луѓето со кои се опкружуваме играат важна улога во толку многу аспекти од нашиот живот. Тие можат да ги насочат нашите перцепции за околниот свет, да нѝ даваат чувство дека сме поврзани и да нѝ нудат драгоцена поддршка.**

Чувството за припадност, разбирање и заедница е клучно за нашиот бизнис. Кога се поддржуваме еден со друг и градиме заедница од луѓе кои горат од желба да го подобрат сопствениот живот и животот на луѓето околу нив, ние сме посилни.

**ВО ТВОЈОТ БИЗНИС НЕ МОЖЕШ ДА УСПЕЕШ САМ. ЌЕ ПОСТИГНЕШ УСПЕХ САМО КОГА ИМ ПОМАГАШ НА ДРУГИТЕ И ГИ ВОДИШ СО СВОЈОТ ПРИМЕР.**

Идејата да си дел од нешто е во основата за сè што правиме во Форевер. Во вашиот бизнис не можете да успеете сами. Ќе постигнете успех само кога им помагате на другите и ги водите со личен пример. Сите во нашето глобално Форевер семејство се водат и поддржуваат взаемно секој ден и моќта на нашата заедница продолжува да е една од нашите најголеми активи.

Неодамнешното истражување во браншата откри моќна статистика: за секој трет човек желбата да е дел од колектив е основна причина да се ангажира со директни продажби. Со сè што се случува денес во светот, не би се изненадил ако бројката се зголеми уште повеќе.

Овој дух на заедница е неразделен дел од нашата работа од самиот почеток на Форевер. Неодамна повторно ја разгледував јубилејната книга за 40-та годишнина и размислував за импресивните истории за тоа како нашите сопственици на бизнис и вработени си помагале едни на други, на своите тимови и на заедниците во кои живеат и работат.

На пример Маргарет Нонг во Јужна Африка чиј бизнис ѝ помага да собере средства за отворањето на установа за нега и сиропиталиште, за да се грижи за оние чии животи биле под влијание на кризата со СИДА таму. И денес таа е еден од најценетите лидери во Форевер. Нејзиниот успех во бизнисот е воден од нејзината страстна желба да го подобрува светот околу себе.

Вероника Ломјански од Србија пак им помага на своите колеги сопственици на Форевер бизнис да продолжат да работат за време на смртоносниот воен конфликт во нејзината држава, ризикувајќи го сопствениот живот. Води измачувачки бегства со понтонски чамци среде ноќ, за да им ги обезбеди на соработниците производите кои им биле неопходни за да се издржуваат себе си и семејствата и така им дава надеж.

Овие истории звучат преувеличено, но вистината е дека нашиот бизнис е исполнет со неверојатни сведоштва за лидерство и солидарност. Дали се случуваат во сериозни моменти на немири или болести, или пак во тивките секојдневни мигови на поддршка меѓу соработници и пријатели, оваа сплотеност и постојаност е тоа по што се разликува нашата заедница од останатите. Тоа е она што помага на секој од нас да го реализира својот полн потенцијал.

Никогаш не ја заборавајте важната улога која ја играте за да стигне чувството за единство до оние на кои им е најпотребно. Зошто така ќе продолжиме да се издигаме нагоре – заедно.

**Засекогаш Ваш,**

**Rex Maughan**
Главен извршен директор на ФЛП




# Менаџер Орел



Стевица и Александар Димовски



Жарко Георгиевски

Пред неколку години Форевер Ливинг Продактс создаде нова програма за стимулирање за сите СФБ на ниво Менаџер и повисоко. Квалификацијата за престижната титула гарантира стабилност на бизнисот и добри доходи. Програмата се вика Менаџер ОРЕЛ и ги стимулира лидерите да продолжуваат да работат напорно и активно да го градат бизнисот. Барањата го насочуваат секој Менаџер кон основните активности кои го движат бизнисот – спонзорирање и обука на новите СФБ како да постигнат ниво Супервизор и работа со тимот за одржување на вкупен обрт над 60 б. секој месец. Заради актуелната ситуација во светот, на почетокот на оваа година Форевер го продолжи квалификациониот период за Менаџер ОРЕЛ за еден месец и затоа ги претставуваме новите македонски ОРЛИ малку подоцна од вообичаено. Наградата е патување до егзотична дестинација и оваа година требаше да биде патување со крузер до Бахамите. Сложената ситуација наложи тоа да се одложи за попогоден момент во иднина, но ОРЛИТЕ нема да останат без заслужената награда. На почетокот на декември ќе имаат можност да летаат до неверојатниот тајландски ресорт во Патаја, каде освен што ќе уживаат во егзотичната култура, прекрасните плажи и вкусната храна, ќе се сретнат со многу други успешни СФБ од целиот свет, ќе учествуваат во корисни обуки и ќе се забавуваат. Квалификациониот период за Менаџер ОРЕЛ 2021 започна на 1 мај и ќе трае до 30 април 2021 год. Каде ќе летаат ОРЛИТЕ догодина? До Феникс, Аризона! Трудот на квалификантите ќе биде награден со незаборавна посета на домот на Форевер, за да ѕирнат во срцето на омилената компанија и да се запознаат со луѓето кои ја движат. Ако сѐ уште не работите за следната програма Менаџер ОРЕЛ, започнете уште денес! Сега да видиме кои се новите ОРЛИ на Македонија за 2020-та...

# Менаџер Сениор Орел



Роза Гелевска




Славица Донакова



Снежана Контра




Вера Златковска



# ПОМОГНИ НА НЕКОЛКУ ЛУЃЕ ДА ГО ПРОМЕНАТ СВОЈОТ ЖИВОТ И ТИ ИСТО ЌЕ ГО ЖИВЕЕШ ЖИВОТОТ НА СВОИТЕ МЕЧТИ



Растењето во маркетинг планот на Форевер е процес на градење на сопствен бизнис, тесно поврзан со концепти како тим, взаемна помош, доверба, трпение. Во последните месеци бевме сведоци како многу од вас постигнаа нови нивоа или се квалификуваа за дополнителни награди и стимули, за што ги поздравуваме и многу се радуваме. Но кога сме фокусирани на постигнувањето на одредена индивидуална цел, често забораваме дека долгорочниот успех со Форевер се постигнува само со голема, балансирана и работна мрежа од соработници и крајни клиенти. Значи, ако зборуваме за тајна или пак рецепт за успех, тоа не се состои во фокусирање врз сопствениот раст и развој, туку во успех и развој на тие на кои вие сте сè посветиле во бизнисот и на оние кои сами се запознале со чудото на мрежниот маркетинг. Постојано кажуваме дека за оваа цел е потребно да имате СИСТЕМ од редовни презентации за бизнис и производи, обуки и средби кои ќе создаваат средина не само за вашиот личен развој, туку и за развојот на вашите соработници и нивните тимови.

И сега за момент запрете и размислите: „Дали имам организација на работа која ми помага на мене и на мојот тим да ги следиме трите основни чекори во развојот како сопственици на Форевер бизнис?“ Да се потсетиме.

**1. СПОНЗОРИРАЊЕ** – наоѓање мала група од клучни соработници, сериозно заинтересирани и ја разбираат идејата на мулти-левел маркетингот. Тоа се постигнува низ запознавање на МНОГУ луѓе со можноста за градење на сопствен бизнис со Форевер и предностите кои вие лично ги имате од употребата на одличните производи.

**2. УПРАВУВАЊЕ НА ТИМОТ** – помагање на сите од вашиот тим исто да ја најдат својата основна група клучни соработници.

**3. ОБУЧУВАЊЕ** на луѓето од оваа група да го пренесат успешно ова знаење.

Ако таков систем постои и функционира во вашиот тим, тогаш несомнено ќе бидете лидери и успешни СФБ, за кои пет-цифрените бонуси ќе бидат реалност и ќе го живеете животот на вашите соништа без шеф, со слобода сами да ги управувате времето и финансиите.

За да поминете низ трите фази не заборавајте дека се потребни многу разговори и средби со НОВИ луѓе, дисциплина во секојдневните активности, трпение и свест дека по патот ќе сретнувате и бескраен ентузијазам, но и многу пати ќе слушнете „не“ и луѓе од вашиот тим ќе се откажуваат. Но тоа исто е дел од системот. Затоа работете здраво, за да ги најдете неколкуте вистински луѓе помеѓу многумината во кругот на своите познати и непознати, давајте им ја точната информација, учете ги што да прават (повеќето луѓе се откажуваат од бизнисот не затоа што не го сакаат, туку затоа што не добиваат информација, пример и поддршка што и како да прават и затоа едноставно не прават ништо), гарантирајте им ја вашата соработка за да се чувствуваат сигурни, помагајте им да ги учат нивните соработници што да прават, а моќта на геометриската прогресија од вашите линии надолу ќе ве награди многукратно за трудот. А кога ќе сретнете луѓе кои се плашат да ги препорачаат производите и бизнис можноста, прашајте ги кои се нивните приоритети – што ќе речат другите за нив или личната морална и материјална благосостојба.

Се радуваме на постигнувањата на секој од вас и уште еднаш сакаме да обрнеме внимание дека патот на личниот успех во мрежниот маркетинг неизбежно минува низ успехот на спонзорираните соработници и успехот на спонзорираните од нив и така натаму.

Форевер Ливинг Продактс е фирма која уникатно ги комбинира можностите како да им помагате на луѓето да се чувствуваат поздраво и поубаво, споделувајќи го позитивното искуство од нашите производи, и да ги остварите мечтите за финансиска независност преку градење на голема и постојано растечка мрежа од соработници и сопственици на Форевер бизнис. Правилата за постигнување на сето тоа се лесни и достапни за секој од вас. Помагајте им на сите околу вас да ги научат!

**Со љубов,**

***Стефан и Тања Стаеви***

# Поддршка за очите во дигиталниот свет



**Технологиите ги подобруваат нашите животи на безброј начини, но денешниот дигитален свет не секогаш ги штеди нашите очи. Луѓето поминуваат повеќе време од било кога гледајќи во екраните на компјутери, смартфони, таблети и телевизори. Овие модерни удобства имаат многу предности, но можат и да влијаат негативно на нашето здравје.**

## Скриените опасности на сината светлина

Спектарот на светлината е многу широк. Во безопасниот дијапазон е видливата светлина со пониска енергија. На другиот крај на спектарот се наоѓа потенцијално штетната невидлива сино-виолетова и ултравиолетова светлина. Сината светлина претставува високо-енергетска видлива светлина која лежи точно пред ултравиолетовата во спектарот.

Сината светлина емитувана од екраните на дигиталните уреди, проникнува длабоко во окото и докажано води до краткорочно напрегање на очите, проблеми со фокусирањето и потенцијално долгорочно оштетување на структурата на ретината. Освен што придонесува за замор на очите, според истражувањата сината светлина може да ги наруши циркадниот ритам и фазата на сонот позната како „брзо движење на очите“ и тоа најмногу кај луѓето кои ги користат дигиталните уреди непосредно пред спиење.

Според истражувањето на Нилсен возрасните поминуваат просечно по 11 часа на ден во интеракција со различни уреди. Тинејџерите се пред екраните околу девет часа дневно, а децата на возраст од 8 до 12 просечно по околу шест часа. Иако нема начин да го избегнеме сè поголемото изложување на сина светлина од дигиталните уреди, има клинички проучен начин како да им помогнеме на очите да ја филтрираат сината светлина и така да го намалат нејзиното дејство.

# Иднината на додатоците во исхрана за очи е тука

Forever iVision™ е иднината на додатоците за очи благодарение на клинички проучената состојка Lutemax® 2020 која ја издига грижата за очите на сосем ново ниво, така што им помага да ја филтрираат и елиминираат сината светлина од дигиталните уреди, телевизиските екрани и вештачките извори на светлина. Моќната состојка обезбедува и напредна заштита на ретината и очното јаболко, особено на макулата, која обезбедува најјасен и одличен вид и управува со начинот на кој нашите очи ги гледаат боите.

Нутриентите наречени каротеноиди имаат клучна улога за поддршка на здравјето на очите. Нашиот организам не ги произведува и треба да внесеме доволни количества преку балансирана исхрана. Но повеќето режими на исхрана не успеваат да ги покријат препорачаните нивоа и затоа додатоците во исхрана за очи се добро решение, бидејќи ги вклучуваат важните нутриенти.

Но во повеќето додатоци во исхрана за очи има само еден од трите неопходни каротеноиди – лутеин. За да добијат заштита потребна во денешниот дигитален начин на живот, очите имаат потреба од нешто повеќе. Ете затоа Forever iVision™ со Lutemax® 2020 ги содржи и трите важни каротеноиди – лутеин, RR зеаксантин и мезо-зеаксантин.

Тие ги штитат очите од оксидативен стрес и ја филтрираат сината светлина, бидејќи ги носат хранливите материи во макулата. Според истражувањата, додавањето на овие каротеноиди не само што ја елиминира сината светлина, туку и помага во борбата со слободните радикали и може да придонесе за заштита од дегенерација на макулата поврзана со возраста.

Покрај Лутемакс 2020, Forever iVision™ содржи и екстракт од боровинки, витамини C и E кои придонесуваат за заштита на клетките од оксидативен стрес и бета-каротен – нутриент кој го има во морковите и друга храна и придонесува за поддршка на нормален вид. Форевер ја зголеми моќта на бета-каротенот со додавање на цинк кој го има истото дејство, а придонесува и за нормалниот метаболизам на витаминот А, што може да му помогне да стане по-биорасположлив.

Forever iVision™ е идеален секојдневен додаток во исхраната за адолесценти и зрели луѓе на секаква возраст кои сакаат да го поткрепат видот. Две гел капсули Forever iVision™ секој ден ќе ги обезбедат витамините, антиоксидантите, билките и научно прогресивните состојки за комплетна, современа поддршка на видот.

## Комплетна поддршка за очите со Forever iVision™

Иднината на додатоците за поддршка за очите е тука со Forever iVision™. Вклучете ја револуционерната формула во секојдневниот режим, за да ви помага за заштита од сината светлина, да се одморат очите по отсјајот од силната светлина и за забрзување на обработката на визуелната информација. Овој додаток во исхраната од ново поколение има моќ да се бори со заморот и стресот на кои се подложени нашите очи во денешно време, бидејќи ги обезбедува сите потребни нутриенти за поддршка на здравјето на очите.



# КВАЛИФИКАЦИИ ЗА МАЈ 2020 ГОДИНА

## СУПЕРВИЗОРИ

1. Гачева Јасмина
2. Јанева Софија
3. Јовановска Лидија
4. Мешков Лазар

## АСИСТЕНТ СУПЕРВИЗОРИ

1. Абази Надире
2. Адемовски Садик
3. Аждерска Зорка
4. Анастасоска Елена
5. Андоноска Катерина
6. Андреевска Ива
7. Арсовски Боби
8. Азизи Абази Имран
9. Барабановска Аница
10. Беговиќ Амира
11. Велков Надица
12. Владева Дејана
13. Делева Драгица
14. Донев Душко
15. Ѓоргиева Радица
16. Елмази Адеми Бенита
17. Ивановска Дафинка
18. Јакимовска Весна
19. Јаневски Анита
20. Јосифовска Марија
21. Камчева Зорица
22. Кастрати Кефсер
23. Костадинова Билјана
24. Котларовски Никола
25. Крстеска Папиќ Билјана
26. Кузмановска Александра
27. Кузмановски Горан
28. Лазарова Љубица
29. Лазова Димов Љубица
30. Лазовска Елена
31. Манастирска Билјана
32. Манолева Илиева Вишња
33. Мицевска Оливера
34. Мурџева Надица
35. Николов Александар
36. Николовска Рада
37. Огненова Билјана
38. Ордева Јовановска Благица
39. Павловска Маја
40. Партенова Анче
41. Петров Дане
42. Петровска Жаклина
43. Пијанманова Јасмина
44. Поп Кочева Марија
45. Попова Катерина
46. Ризов Андриана
47. Ризова Слободанка
48. Ристовски Александар
49. Соколова Слаѓана
50. Спировски Влатко
51. Станковиќ Душица
52. Стефковска Драгана
53. Стоева Невенка
54. Стојанова Цветанка
55. Стојчевска Сузана
56. Стојковска Маре
57. Стојковска Стаменова Фросина
58. Стровјаноска Маријонка
59. Ташковска Симона
60. Тиловска Кечеџи Елена
61. Трампова Стојанова Тања
62. Трифунова Светлана
63. Ферати Каремани Анида
64. Ханумша Бајрам
65. Христовски Ѓорѓи
66. Црничина Марина
67. Читкушева Христина

## КЛУБ 4

**Клуб 4 – ниво 1**

Кондоска Весна

**Клуб 4 – ниво 2**

Драскачева Надица

## ТОП 10

| ВКУПЕН ОБЕМ | НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ |
|---|---|
| 1. Др.Роза Гелевска | 1. Стевица Димовска |
| 2. Славица Донакова | 2. Вера Златковска |
| 3. Вера Златковска | 3. Славица Донакова |
| 4. Стевица Димовска | 4. Елена Гелевска |
| 5. Катерина Трајчевска | 5. Др. Роза Гелевска |
| 6. Др.Снежана Контра | 6. Слаѓана Маџова |
| 7. Елена Гелевска | 7. Жарко Георгиевски |
| 8. Слафко Михајловски | 8. Горан Давитков |
| 9. Блага Крстеска | 9. Катерина Трајчевска |
| 10. Младен Димовски | 10. Македонка Петровска |

facebook

**Следете ја официјалната фејсбук страница**
**Forever Living Products, MK**
**за да бидете во тек со сите новини, промоции, обуки и претставувања кои ги организираме.**

Like

**ФОРЕВЕР ЛИВИНГ ПРОДАКТС ДООЕЛ**
**www.foreverliving.com**

бул. Јане Сандански 3б, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815; 2465826; 070236609
e-mail:flp@t-home.mk

Содржината на оваа публикација е наменета исклучиво за едукативни цели, а не како трговско средство или материјал поврзан со продажба. За да се избегне вадење на овие информации од контекст, не се препорачува копирање или вадење на дел од публикацијата без претходна дозвола од ФЛП Македонија. Консултирајте се со лекар пред употреба за медицинска цел на било кој од производите.

## ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА

**Како да порачате:**

- онлајн преку линкот http://flp.bg/mac/order/
- доколку не сте во можност да порачате онлајн, можете телефонски на 02 2465846, 02 2465826 и 070 236609 секој работен ден од 9 до 19 часот. Порачките кои се примени до 14 часот се испраќаат од канцеларијата на Форевер истиот работен ден. Вие ја добивате порачката на домашна адреса во рок од 24 часа и ја плаќате на доставувачот.